АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на членот 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20 и 77/21), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: | 13.05.2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 1991 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен;
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје;
3. **Период опфатен со надзорот:** 21 и 26 април 2022 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 13 мај 2022 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 53 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (*забрана за прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации*);
6. **Претходно изречена мерка:**

   *На 15.04.2022 година, за непочитување на членот 53 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – јавна опомена (Уп1. бр. 03-121 од 15.04.2022 г.) на Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје.*

   *Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот веднаш по приемот на решението (18.04.2022 г.) да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

   Со контролниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, емитуван на 21 и на 26 април 2022 година, на државно ниво, е констатирано дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **постапил по решението за изрекување мерка - јавна опомена**, односно ја отстранил извршената повреда од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

8. **Опис на прекршувањето: /**
9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***